Од тековните резерви се потрошени средства во износ од 227.779.000,00 ден.

Преку програмата на Советот на општина Велес се реализирани и други потпрограми и тоа „Програма за активностите на општина Велес во областа на меѓународната соработка“, „Програма за активностите на општина Велес за поддршка на НВО секторот и „Програма за активностите на општина Велес во областа на социјалната заштита“. Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по пооделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на општина Велес.

Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 2.949,968,00 денари во буџетот реализирани се 2.911,028,00 денари односно 98,68 %.

Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 1.967.154,00 денари односно 67,6% од вкупната реализација . Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени 591.618,00 денари или 20,32% и истите се однесуваат за исплата по основ на смрт на вработен или член на потесно семејство за вработените во општината и поддршка на 46 годишнината од првиот Илинденски марш. За исплата на отпремнини по основ на пензионирање на вработени во општината ,исплатени се средства во вкупен износ од 317.968,00 денари односно 10,92 % од вкупната реализација.

Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Велес за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 109.844.359,00 денари, а се реализирани 103.290.744,00 денари или 94,03 %.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 69.297.330,00 денари односно учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува 67 %. За стоки и услуги (патни и дневни расходи, комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар , тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи и привремени вработувања) потрошени се 30.608.299,00 ден или 29,63 % од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација.Преку програмата на Општинска администрација реализирана е и програмата на Информатичка технологија,која подоле во годишниот извештај е детално објаснета.

Извештај за реализација на годишните програми

Извештај за реализација на годишна програма за ИТ за 2024 година

Програма	Износ ден	Потрошено ден	Разлика	Реализација
Програма за информатичка технологија во 2024 година	3.800.000,00	2.101.899,00	1.698.101,00	55,31%
24-ЕА.Набавка на информартичка опрема (компјутери, сервери, принтери, мрежна опрема,)	300.000,00	270.529,00	29.471,00	90,18%
24-ЕА.Набавка на софтвер и лиценци (Office / SQL/ VEEAM)	300.000,00	267.399,00	32.601,00	89,13%
24-Е0.Тековно одржување или надградби на хардвер и системски софтвер (Server, Exchange, SQL, ISS)	700.000,00	666.769,00	33.231,00	95,25%
24-Е0.Тековно одржување на принтери и докуп на гаракции	200.000,00	155.500,00	44.500,00	77,75%
24-Е0.Тековно одржување на агрегат	100.000,00	15.340,00	84.660,00	15,34%
24-Е0.Трошоци за одржување на апликации од трети лица, хостирање и хостирани услуги (gohost / marnet / edusoft / mbs / foxit)	600.000,00	259.720,00	340.280,00	43,29%
24-Е0.Набавка на ГИС услуги за Општина Велес	600.000,00	466.642,00	133.358,00	77,77%
24-ЕА.Набавка на видео надзор за потребите за Општина Велес (Спортски терен Тунел, Дворови, Гимназија и Васил Главинов)	1.000.000,00	0,00	1.000.000,00	0%

Образложение

Активностите предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ), во текот на 2024 година беа насочени кон обезбедување на континуирано функционирање на информатичкиот систем, негова надградба, како и на остварување на целите дефинирани во рамки на стратешките документи од областа на ИКТ.

Во текот на 2024 година, продолжи и процесот на надградба на серверските платформи, како и процесот на миграција и надградба на нови верзии на целиот информатички систем.

Електорнскиот систем за даноци на Општина се награди со нови фунционалности за граѓаните на Општина Велес.

Во 2024 година, Одделението за информатички технологии на Општина Велес имплементираше нови дигитални услуги од софтверот за дигитализација (LoGes)

Останатите активности се тековни е се однесуваат на континуирано одржување на информатичкиот систем, на хардверско и апликативно ниво.

ИЗВЕШТАЈ

за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2024 година

Ф20 Уредување на градежно земјиште

- Ф20 Уредување на градежно земјиште (за надзор над изведба на градежни објекти, геодетските услуги и геомеханички испитувања од предвидените средства во износ од 2.550.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.735.630,00 денари 68,06%).

Реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2024 година беше континуирано контролирана од ангажираните фирми за вршење на надзор над квалитетот и количините на изведени работи. За потребите на општината се изработуваа елаборати за геодетски услуги како за нумерички податоци, ажурирани подлоги за тековни и планирани проекти и пренесување на проекти на терен. Се извршија геомеханички испитувања кои се потребни за реализација на реконструкција на улиците Белградска, Васил Ѓоргов, Васил Главинов и ул.Милан Страчков.За потребите на проектот за Пречистителна станица на град Велес се направија геомеханички испитувања на локацијата каде е предвидена Се набави геодетски инструмент за контрола на количините на изведени работи од ангажиранираните економски оператори.

Ф30 Уредување на простор во рурални подрачја

Оваа година се подоби патната инфраструктура во повеќе села во Општина Велес. Се изврши бетонирање на два крака во село Бузалково, се асфалтираше една улица во село Долно Караслари, се изврши бетонирање на улица во село Раштани, Чалошево. Мамутчево, Иванковци. За поплочување на плоштадка им се одобри градежен материјал на жителите во село Оризари.

Од предвидените средства во износ од 10.310.687,00 денари се потрошени средства во износ од 8.024.732,00 денари (77,83 %).

ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) – изработка на проектна документација за инфраструктура:

Се изработи инвестициони техничка документација за уредување на детски забавни паркови во градот и во селата со потребна ревизија, проект за Реконструкција на улица Милан Страчков, ул.Белградска, Васил Ѓорѓов, Васил Главинов, 11 Октомври и др. со потребна ревизија.Се изготвија проекти за реконструкција на водоводни линиии на повеќе улици низ градот и ревизија на проектната документација Се изврши плаќање за услови за

проектирање каде согласно проектот се вкрстуваме со инсталации на Македонски железници. За сите локации каде при реализација има времена измена на сообраќајот се изготвја Сообраќајни проекти.

Во текот на 2024 година се јави потреба од експропријација на земјиште и се потрошија дел од предвидените средства.

Од предвидените средства во износ од 2.050.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.816.350,00 денари (62,58%).

J Комунални дејности

Од предвидените средства во износ од 124.780.097,00 денари се потрошени средства во износ од 95.803.745,00 денари (88,60 %).

J00 Одржување на урбана опрема

Се вршеше континуирано одржување на поставената урбана опрема и промена на оштетени делови на улиците низ градот и во детските забавни паркови.

Од предвидените средства во износ од 700.000,00 денари потрошени се средства во износ од 600.000,00 денари (85,71%).

JH0 Урбана опрема (капитални расходи)

Во текот на 2024 се изврши уредување на три детски забавни парка и тоа детски забавен парк во Башино село, партер Андон Шурков и партер Дворови. Во текот на цела година се врши набавка на урбаната опрема и нејзино поставување. На барања на граѓани се поставуваа клупи, ракофати и огради на повеќе локации низ градот. Поставената урбана опрема тековно се одржуваше. Во 2024 година се поставени ракофати во високите зони на градот и се направи замена на постојните оштетени огради со нови со посовремен естетски дизајн. Огради се поставија на повеќе улици низ градот по доставени барања од граѓани. По издадени налози се постапуваше околу редовното одржување на украсните фонтани во градот. Се изработија и поставија заштитни столбчиња на дел од тротоарите низ градот.Вертикалните ролер завеси поради краткиот рок не се реализираа во тековната година, пораи што средствата се предвидени во наредната 2025 година.

Од предвидените средства во износ од 12.950.000,00 денари се потрошени средства во износ од 9.254.028,00 денари (71,46 %).

J10 Снабдување со вода

Се вршеше тековно одржување на системите за водоснабдување во населените места. Се вршеше дотур на питка вода за населените места во кој постоечките извориштa не

задоволуваа или пресушија.Со средства на Општина Велес се изврши реконструкција на транзитната цевка на улица Белградска поради реконструкцијата на истоимената улица во висина од 3.000.000,00 денари.

Од предвидените средства во износ од 3.650.000,00 денари се потрошени средства во износ од 3.067.680,00 денари (84,05%).

ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување

Во текот на 2024 година се реализираше проектот за изградба на нова водоводна линија до комплекс згради. Бидејќи е потребна водоводна линија за комплексо згради во фаза на градба се изведе нова водоводна линија со бушење под железничката пруга. Се продолжи со проширување на водоснабдителен систем во градот и населените места. Се прошири мрежата за водоснабдување на повеќе улици низ градот каде Општина Велес предвидуваше реконструкции а постоечките мрежи беа азбестни или со недоволен профил.

Од предвидените средства во износ од 4.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 4.016.602,00 денари (89,26 %).

Ј20 Одведување и пречистување на отпадни води

Од страна на избран економски оператор се вршеше одзатнување на колекторите во градот и населените места. Од предвидените средства во износ од 1.300.000,00 денари се потрошени средства во износ од 584.987,00 денари (44,99 %).

ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

Се започна со реализација на фекалниот колектор во населба Превалец. Поради појава од многу подземни инсталации се јави потреба од измени. Од предвидените средства во износ од 2.200.000,00 денари се потрошени средства во износ од 0,00 денари (0 %). Плаќањето ќе се реализира во тековната година.

Ј30.Јавно осветлување

Од оваа ставка се изврши наплата за потрошената електрична енергија која оваа година изнесуваше 23.637.800,00 денари, одржувањето на јавното осветлување, новогодишно украсување на градот, се изврши набавка на репро материјал за јавното осветлување, се прошируваше постоечката мрежа за улично осветлување. Во текот на 2024 година сервисирани на околу 500 сијалични места.

Од предвидените средства во износ од 30.387.800,00 денари се потрошени средства во износ од 30.047.125,00 денари (98,88%).

ЈА0.Изградба на јавно осветлување

Се изврши проширување на мрежата за улично осветлување во градот и населените места, реконструкција на мрежи каде што ЕВН врши реконструкција на мрежите и поставување на ново мерно место. Проширување на мрежата за улично осветлување со поставување на нови столбови и поставување на нови светлечки тела. Се изврши проширување и на мрежата за улично осветлување и за реконструкција на постоечка мрежа пуштени се нови кабли. Со цел отстранување на дефектите во мрежата за улично осветлување стручните екипи на избраните економски оператори интервенирале околу 150 пати.

Од предвидените средства во износ од 4.215.000,00 денари се потрошени средства во износ од 4.215.000,00 денари (100 %.)

Ј60 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај

Во 2023 година реализирани се следните зафати:

Се изврши реконструкција на потпорен ѕид кој врши потпирање на дел од улица Белградска, Тодор Јанев, Никола Вапцаров и др. Се изврши чистење на банкини на локалните патишта, како и овозможување на прегледност на вертикалната сигнализација низ градот. Се изврши во неколку наврати крпење на ударни дупки низ градот на улици со завршен слој асфалт, бетон, и бехатон. Во неколку наврати вршено е чистење на наносен материјал последици од елементарни непогоди.Се вршеше континуирано отстранување на стебла заглавени на мостот на река Вардар на локалниот пат кон Башино село. Зимското одржување на локалните патишта се вршеше тековно. Се изврши изведба на хоризонтална сигнализација (осовинско одбележување, автобуски стојалишта, такси станици, пешачки премини) и др. Од предвидените средства во износ од 8.300.000,00 денари се потрошени средства во износ од 3.480.138,00 денари (41,93 %).

ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

Во тековната 2024 година се изврши реконструкција на улици на територија на Општина Велес со асфалтирање и тоа:

- Асфалтирање на Страшо Пинџур и Гоце Делчев и др,
  Или за подобрување на патната инфраструктура во градот со завршен слој асфалт од предвидените 12.991.605,00 се потрошени средства во износ од **6.124.986,00 денари**

Во текот на 2024 година се вложени средства за подобрување на патната инфраструктура во градот со завршен слој бетон и тоа:

- Дел од улица Трајче Петкановски,
- Дел од улица Никола Вапцаров
- Дел од улица Тодор Јанев на две локации,
- Дел од улица Орце Шутев и Јовче Ќучук
- Дел од улица Никола Вапцаров,
- Дел од улица Васил Антевски Дрен и Ванче Атанасов Ѓакот

  Или за подобрување на патната инфраструктура во градот со завршен слој бетон од предвидените 10.000.000,00 се потрошени средства во износ од **9.700.593,00 денари**

Во текот на 2024 година се вложени средства за подобрување на патната инфраструктура во градот со завршен слој бехатон и тоа:

- Поплочување на дел од улица Кирил Пејчиновиќ,

  Или за подобрување на патната инфраструктура во градот со завршен слој префабрикувани бетонски елементи од предвидените 2.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од **1.938.961,00 денари**

Во 2024 година се реализираше дел од потпорниот ѕид на улица Кумановска , потпорен ѕид на ул.Тодор Јанев, потпорен ѕид на ул.Никола Вапцаров и др..

За интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓани беше доделен градежен материјал за потребите на ЈКП Дервен.

Се изврши санација на тротоари на ул.Димитар Влахов, ул.Илинденска и др..Се изврши рушење на потпорен ѕид на ул.Луј Пастер со цел проширување на улицата.

Од предвидените средства во износ од 34.811.605,00 денари се потрошени средства во износ од 25.232.020,00 денари (72,48 %).

ЈФ0 Изградба на сообраќајна сигнализација

Во 2024 година се изврши поставување на средства за смирување на ул.Борис Трајковски, Алексо Демниевски Бауман, Кресненско Востание и др.

Од предвидените средства во износ од 800.000,00 денари се потрошени средства во износ од 799.620,00 денари (99,95 %).

Ј80 Други комунални услуги

Во 2024 година не се изврши отстранување на објекти ниту пак отстранување на објекти склони на рушење. Не се случи непогода или одрони поради што и немаше потреба од користење на овие средства.

Од предвидените средства во износ од 150.000,00 денари се потрошени средства во износ од 0,00 денари (0,00 %).

ЈАА Изградба на јавно осветлување

Проектот за реновирање и модернизација на системот за улично осветлување ќе започне да се реализира од јануари 2025 година.

ЈЛВ Други комунални услуги (капитални расходи)

Се изврши реконстркција на улиците околу Градскиот пазар. Согласно Развојната програма во 2024 година се исплатија 12 месечни рати.Од предвидените средства во износ од 10.408.360,00 денари се потрошени средства во износ од 10.408.353,00 денари (100 %).

ЈЛГ Други комунални услуги (капитални расходи)

Се изврши реконструкција на дел од улиците Раштански пат, Димитар Влахов, Борис Трајковски и Алексо Демниевски Бауман. Од предвидените 4 улици три во целост се реализирани а за тековната 2025 е останата само Раштански пат. Предвидените средства во износ од 4.961.136,00 денари се потрошени во целост.

ЈЛД Други комунални услуги (капитални расходи)

Се отпочна со регулација на река Вардар во должина од 253 м на потег од под мало мовче до под Стар мост. Предвидените средства во износ од 3.774.798,00 денари се потрошени во целост.

Дел од изведените активности во 2024 година согласно Договорите и динамиката за исплата на доставените ситуации ќе се реализира во 2025 година. Финансискиот дел од извештајот се однесува на изведените работи кои се наплатени. Изведените работи кои не се исплатени не се вкалкулирани во процентуалниот износ на реализација.

Од вкупно предвидените средства во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2024 година во износ од **138.019.386,00** денари се потрошени средства во износ од **112.845.052,00** денари (81,76 %).

Извештај од работата на Одделението за урбанизам за 2020 година

Извештај од работата на Одделението за урбанизам за 2025 година
1. Урбанистички планови
Во постапка заклучно со 12. 2024 година:
 ГУП (планска програма)
 ДУП - 18
 ЛУПД- 5
 АУП - 7
Завршени заклучно со 12. 2024 година:
 ДУП - 1
 ЛУПД - 1
 АУП 0
2. Урбанистички проекти
во постапка заклучно со 12. 2024 година:
 Плански програми - 13
 УП член 58, став 2 - 5
 УП член 58, став 6 - 10
 УП член 63, - 11
 Услови за планирање
на просторот 28
_____
44
завршени заклучно со 12. 2024 година:
 Плански програми - 17
 УП член 58, став 2 - 24
 УП член 58, став 6 - 24
 УП член 63, -7
 Техничка исправка - 0
 Услови за планирање
на просторот 5
_____
25
71
3. Останати предмети завршени заклучно со 12. 2024 година:
 Изводи од планови и потврди – 922
 Одобренија за рушење - 2
 Промена на култура - 0
 Одлуки за Хидролошки студии 1
 Одлуки за неспроведување Стратегиски оцени- 27
 Легализации:230
 Одобренија за поставување урбана опрема: 111
 Пресметки за урбана опрема: 110
 Проектни Програми за основни проекти и елаборати: 4
 Известување: 10
 Записници за легализација: 48
4. Одобренија и решенија
-во постапка заклучно со 12. 2024 година: 38
-завршени заклучно со 12. 2024 година: 182
5. Градежно земјиште
Примени: 32 барања
Решенија за уважување: 25
Решенија за одбивање: 6
Решение за прекин: 8
Вкупно пари: 11 971 906 денари.
Програма за поставување времени објекти 1 во постапка

НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА 2024 ГОДИНА

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.17/23) се донесе во транспарентна постапка, во две фази како нацрт и предлог-документ.

Активностите во Одделението за евроинтеграции и локален економски развој, согласно програмата опфаќаат активности за реализација на веќе започнатите проекти, реализација на процесите на преговори со донаторите за финалниот износ на проектните буџети, поднесување на нови проектни апликации, обезбедување на проектно - техничка документација за идни апликации на проекти, изработка на нови стратешки документи и реализација на проекти и активности финасирани од буџетот на Општина Велес.

Во текот на фискалната 2024 година се донесени шест измени и дополнувања на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.17/23, 18/23, 1/24, 8/24, 9/24, 10/24 и 12/24) како резултат на одобрени проектни апликации, склучување на договори, како и преземање на други активности потребни при нивната реализација.

Согласно Програмата се реализираа следните активности, и тоа:

1. ПРОЕКТ ПАМЕТНИ РЕШЕНИЈА ЗА ВЕЛЕС ЕУ ИПА ПРОГРАМА ЕУ ЗА ОПШТИНИТЕ (УРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ)

Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.8/24), во точката со реден број 1, за активност „Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје)" се изврши зголемување на планираните финансиски средствата од Буџетот на Општина Велес во реализацијата на проектот до крајот на фискалната 2024 година, од причина што согласно предвидениот начин на финансирање на проектот потребно е предфинасирање од страна на општината при реализација на проектот. Како предфинансирање на проектот се смета исплата на дел од средства од Буџетот на Општина Велес при реализацијата, за потоа исплатениот износ да се врати во Буџетот на Општина Велес. За оваа намена потребните средства во висина од 2.550.000,00 се обезбедени со префрлање на ослободениот дел од средствата од точките со реден број 8, 12, 14 и 16 со предложеното изменување и дополнување на Програмата. Останатиот дел од средствата во износ од 132.939,00 денари ќе бидат обезбедени од проширување на Буџетот на Општина Велес од вишок на парични средства од претходни години.

Со Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.10/24), во точката со реден број 1, за активност „Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје)" се изврши зголемување на планираните финансиски средствата од Буџетот на Општина Велес за реализацијата на проектот до крајот на фискалната 2024 година, од причина што согласно предвидениот начин на финансирање на проектот потребно е предфинасирање од страна на општината при реализација на проектот. Како предфинансирање на проектот се смета исплата на дел од средства од Буџетот на Општина Велес при реализацијата, за потоа исплатениот износ да се врати во Буџетот на Општина Велес. За оваа намена потребните средства во износ од 1.200.000,00 се обезбедени со префрлање на ослободениот дел од средствата од точките со реден број 2, 4 и 17 со предложеното изменување на Програмата. Останатиот дел од средствата се обезбедени од

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во 2024 година.

Проект со својата реализација започна во 2022 година, а се планира да заврши до 14.05.2025 година.

2. МЕРКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ - СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СОНЧЕВИ КОЛЕКТОРИ

Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.10/24), Во точката со реден број 2, за активност „Мерки за енергетска ефикасност – Субвенционирање на сончеви колектори", се изврши намалување на планираните финансиски средства во износ од 120.000,00 денари од причина што по спроведена постапка по објавениот јавен повик, доделени се помалку финансиски средства согласно доставените барања. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 500.000,00 се заменуваат со износот 380.000,00. Преостанатите 120.000,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата.

Планираните средства од буџетот на Општина Велес во износ од 380.000,00 денари, се реализирани со остаток во износ од 2.944,00 денари.

3. ПОДДРШКА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВПР

Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.8/24), во точката со реден број 3, за активност „Поддршка на Центарот за развој на ВПР", се изврши зголемување на планираните финансиски средства потребни за менаџирање на проекти кои се реализираат преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 700.000,00 се заменуваат со износот 1.190.306,00. За оваа намена потребните средства во висина од 490.306,00 денари ќе бидат обезбедени од проширување на Буџетот на Општина Велес од вишок на парични средства од претходни години.

Планираните средства од буџетот на Општина Велес во износ од 1.190.306,00 денари, се исплатени во целост.

4. ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ

Во точката со реден број 4, за активност „Европска недела на мобилност" во буџетот на општината се планираа средства во износ од 60.000,00 денари, наменети за организација на Европската недела на мобилност во 2024 година со кои се обезбеди ангажирање на туристички водич (преведувач). Се изврши исплата на превземени финасиски обврски во висина од 6.000,00 денари.

Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.10/24), се иврши намалување на планираните финансиски средства, а преостанатите средства од 54.000,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата.

5. ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ПРЕКУ ПРОГРАМАТА РОМАКТЕД 2

Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.8/24), во точката со реден број 5, за активност „Проект финансиран преку програмата РомАктед 2," се обезбедени финансиски средства за превземени финансиски обврски со реализација на проектот „Реконструкција на

фекална канализација и пристапна патека на улица „Јордан Џурнов“ во општина Велес“ финансиран од Совет на Европа/ЕУ и Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје. За ова намена потребните средства во висина од 4.000,00 денари се обезбедени со префрлање на ослободениот дел од средствата од точката со реден број 6 од Програмата.

6. ПОДДРШКА НА ЛАГ

Со Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.8/24), во точката со реден број 6, за активност „Поддршка на ЛАГ“, се изврши намалување на планираните финансиски средства од причина што по исплата на обврската констатирано е дека се потребни средства во висина од 8.000,00. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 12.000,00 се заменуваат со износот 8.000,00. Преостанатите 4.000,00 денари се префрлаат во точката со реден број 5 од Програмата.

7. ОДВОД НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛБА РЕЧАНИ – КРАК 2 И КРАК 4

Во точка со реден број 7, за активност „Одвод на урбани отпадни води во населба Речани – крак 2 и крак 4“, аплициран и одобрен проект чија реализација се предвидува во 2024 година, со планирани средства од Буџетот на Општина Велес, во висина од 857.935,00 денари и доделени средства во висина од 5.000.000,00 денари од Министерството за животна средина и просторно планирање согласно склучен Договор за доделување на средства.

Проектот продолжува со реализација во 2025 година, поради што и не се изврши исплатата на планираните средства од буџетот на општината за 2024 година.

8. ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОКОЛУ СПОМЕН КОСТУРНИЦА

Во точката со реден број 8, за активност „Партерно уредување на просторот околу Спомен костурница“, проектот е аплициран за обезбедување на финансиски средства од Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година преку Бирото за регионален развој.

Со Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.8/24), во точката со реден број 8, за активност „Партерно уредување на просторот околу Спомен костурница“, се изврши намалување на планираните финансиски средства од причина што по спроведена постапка за јавна набавка односно склучени договори констатирано е дека се потребни средства во висина од 4.398.330,00. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 5.898.330,00 се заменуваат со износот 4.398.330,00. Ослободените финансиски средства во износ од 1.500.000,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата.

Планираните средства од буџетот на Општина Велес во износ од 4.398.330,00 денари, се реализирани со остаток во износ од 810.066,00 денари.

9. РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПАРТНЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАРК, УЛ. АНДОН ШУРКОВ. ПАРТЕР ПОМЕЃУ КОЛЕКТИВНИ ЗГРАДИ

Во точката со реден број 9, за активност „Реконструкција и партерно уредување на парк, на ул. Андон Шурков, партер помеѓу колективни станбени згради“, проектот е аплициран за обезбедување на финансиски средства од Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година преку Бирото за регионален развој. Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од

Буџетот на општината за кофинансирање на проектот во максимален износ до 4.536.594,00 денари.

Проектот продолжува со реализација во 2025 година, поради што и не се изврши исплатата на планираните средства од буџетот на општината за 2024 година.

10. ПОДГОТОВКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКИ И ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

Во точката со реден број 10, за активност „Изработка на техничка документација за изградба на велосипетска и пешачка инфраструктура“ аплициран и одобрен проект со кој општината аплицираше на Повикот за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти на Фондот за техничка документација, со поддршка на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и во партнерство со Бирото за регионален развој – Министерство за локална самоуправа. Општина Велес ќе учествува со сопствени средства во износ од 814.332,00 денари, планирани од Буџетот на општината за 2024 година.

Планираните средства од буџетот на Општина Велес во износ од 814.332,00 денари, се исплатени во целост.

11. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА, НА ЛОКАЦИЈА НА КП 1017, КО ОТОВИЦА И НА ЛОКАЦИЈА НА КП 1864/1, КО ИВАНКОВЦИ

Со Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.18/23), во точката со реден број 11, за активност „Изградба на детско игралиште во с. Иванковци и с. Отовица“, се изврши зголемување на планираните финансиски средства за учеството од Буџетот на општината при реализација на проектот, од причина што од побараните 1.958.775,00 денари при аплицирањето, одобрени се 1.500.000,00 денари од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година на Бирото за регионален развој. Од оваа причина, претходно планираните средства во оваа точка во колоната „Буџет на Општина Велес“, во износ од 2.882.007,00 сега се заменува со износот 3.340.782,00 денари, а во колоната „Надворешни фондови“ во износ од 1.958.775,00 се заменува со износот 1.500.000,00 денари.

Планираните средства од буџетот на Општина Велес во износ од 3.340.782,00 денари, се реализирани со остаток во износ од 710.873,00 денари.

12. БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ (ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО СОЈАКЛАРИ)

Со Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.8/24), во точката со реден број 12, за активност „Биро за регионален развој (Партерно уредување и поставување на урбана опрема на детско игралиште во село Сојаклари)“, се изврши намалување на планираните финансиски средства во износ од 191.699,00 денари (кои се остаток) по исплатата на сите превземени финансиски обврски од реализацијата на проектот. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 250.000,00 се заменуваат со износот 58.301,00.

Преостанатите финансиски средства во износ од 191.699,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата.

13. БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ (РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ - НАСЕЛБА ТУНЕЛ)

Во точката со реден број 13, за активност „Биро за регионален развој (Реконструкција на спортско игралиште - населба Тунел)“, општината аплицираше со проектот за обезбедување на финансиски средства од Бирото за регионален развој во рамки на јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојно потреби и за развој на селата во 2022 година. Реализацијата на проектот продолжи и во 2024 година со истите планирани средства во износ од 2.362.200,00 денари од буџетот на општината, се до неговата целосна реализација.

Од планираните средства во оваа точка, не се изврши исплата во 2024 година, а реализацијата на проектот продолжува во 2025 година.

14. ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА – ДЕКАДА НА РОМИ

Со Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.18/23), по редниот број 13 се додаде нов реден број 14, за активност „Изградба на локална улица – Декада на Роми“, се планирани средства од буџетот на Општина Велес, во износ од 859.153,00 денари од кои 125.392,00 денари со кофинансирање на општината и 733.791,00 денари со доделени средства од Министерството за транспорт и врски согласно Договорот за доделување на средства со бр.08-1455/4 од 17.07.2023 година. Од планираните средства во оваа точка, не се изврши исплата во 2023 година, а реализацијата на проектот продолжува во 2024 година.

Со Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.8/24), во точката со реден број 14, за активност „Изградба на локална улица – Декада на Роми“, се изврши намалување на планираните финансиски средства за кофинансирање на проектот обезбедени од Буџетот на општината за реализација на проектот во износ од 125.362,00 денари од причина што проектот не продолжи со негова реализација. Од оваа причина, претходно планираните средства во точката, во износ од 859.153,00 се заменуваат со износот 733.791,00. Ослободените финансиски средства во износ од 125.362,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата.

По исплата на превземените обврски во износ од 139.754,00 денари, остатокот од доделените финансиски средства во износ 594.073,00 денари се вратени во буџетот на Република Северна Македонија.

15. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ЛОКАЦИЈА кп БР.18164 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС

Со Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.18/23), по редниот број 14 се додаде нов реден број 15, за активност „Реконструкција на спортски терени и поставување на урбана опрема на локација КП бр.18164 КО Велес, Општина Велес“, согласно Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, обезбедение се средства во износ од 24.000.000,00 денари за реализација на Проектот за реконструкција на спортски терени и поставување на урбана опрема на локација КП бр.18164 КО Велес, општина Велес, Населба Превалец – училиште Васил Главинов.

Проектот заврши со реализација во 2024 година, а остатокот од доделените средства во износ од 587.459,00 денари, се вратени во буџетот на Република Северна Македонија.

16. НАБАВКА НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО ВОЗИЛО И ПРИКЛУЧНА МЕХАНИЗАЦИЈА

Со Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/24), по редниот број 15 се додава нов реден број „16" за активност „Набавка на специјализирано возило и приклучна механизација". Центарот за развој на Вардарски плански регион аплицираше со резервен проект ,,Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски Плански Регион", во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативни средства за 2023 година на Министерството за локална самоуправа - Бирото за регионален развој.

Центарот за развој на Вардарски плански регион за Општина Велес обезбеди средства во износ од 1.040.800,00 денари, за набавка на специјализирано возило и приклучна механизација, наменето за ЈКП „Дервен" – Велес преку реализација на проект ,,Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски Плански Регион". Општина Велес за успешна реализација на проектот ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината со износ од 600.000,00 денари со ДДВ.

Со Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.8/24), во точката со реден број 16, за активност „Набавка на специјализирано возило и приклучна механизација", се изврши намалување на планираните финансиски средства за кофинансирање на проектот обезбедени од Буџетот на општината за реализација на проектот во износ од 600.000,00 денари од причина што проектот не продолжи со негова реализација. Ослободените финансиски средства во износ од 600.000,00 денари се префрлени во точката со реден број 1 од Програмата.

17. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА ПИТУ ГУЛИ

Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.8/24), по точката со реден број 16 се додаде нова точка со реден број „17", за активност „Реконструкција на водоводна линија на дел од улицата Питу Гули", проект кој е аплициран и одобрен од Министерството за животна средина и просторно планирање. Согласно склученио Договор за доделување на средства, за реализација на проектот на општината и се доделени финансиски средства во износ од 3.000.000,00 денари со вклучен 18% ДДВ од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година. Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината, со износ од 666.480,00 денари. За оваа намена средства ќе бидат обезбедени од проширувањето на Буџетот на Општина Велес од вишок на парични средства од претходни години.

Со Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.10/24), заради усогласување (поради техничка грешка) износот од 666.480,00 сега се заменува со износот 660.480,00 согласно Одлуката за кофинансирање на проект Реконструкција на водоводна линија на дел од улица Питу Гули, Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" број 8/24). Преостанатите средства од 6.000,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата.

Проектот не се реализираше во 2024 година, поради што и не се изврши исплатата на планираните средства од буџетот на општината за 2024 година.

18. ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА БИБЛИОТЕКА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.8/24), по точката со реден број 17 се додаде нова точка со реден број „18", за активност „Поставување на фотнапонски панели на библиотека Гоце Делчев", проект кој е аплициран и одобрен од Министерството за култура. Согласно склученио Договор за доделување на средства, за реализација на проектот на општината и се доделени финансиски средства во износ од 2.000.000,00 денари со вклучен 18% ДДВ од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Од доделените финансиски средства за реализација на проектот искористени се средства во износ од 1.357.000,00 денари, а остатокот во износ од 643.000,00 денари се вратени во буџетот на Република Северна Македонија.

19. ПРОЕКТОТ „КРЕАТИВНИ МОЖНОСТИ ВО ТУРИЗМОТ" (COUNT). ИПА-ИНТЕРРЕГ ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

Со Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2024 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/24), по точката со реден број „18" се додава нова точка со реден број „19" за активност „Проектот „Креативни можности во туризмот" (CounT). ИПА - ИНТЕРРЕГ Програма за прекугранична соработка со Република Грција", односно во колоната „Надворешни фондови МКД", се предвидува износ од 9.280.750,00 денари.

Средствата од оваа точка се приходи на општината согласно финансирањето на проектот „Креативни можности во туризмот (CounT)". Поектот е целосно реализиран, извршени се сите исплати и Финалниот извештај со бр.08-3884/1 од 07.10.2024 година е доставен до надлежниот орган. Од вкупниот буџет на проектот во износ од 438.452,25 евра, реализиран е износ од вкупно 429.712,62 евра, од кои во I верификација 46.834,76 евра, II верификација 54.412,03 евра, III верификација 141.657,72 евра и IV верификација 186.808,11 евра. Од вкупно реализираните средства во износ од 429.712,62 евра досега се вратени вкупно 286.471,52 евра за I, II и III верификација, како и делот од МЛС за IV верификација. Се очекува да се вратат уште 143.241,10 евра од страна на Управувачкиот орган на програмата (Грција).

Согласно Барањето со бр.22-533/29 од 30.10.2023 година и Барањето со бр. 08-121/18 од 16.05.2023 година доставени од проект менаџерот на проектот, општината привремено обезбеди и трансферира финансиски средства на донаторската сметка на проектот „Креативни можности во туризмот КАУНТ" согласно Одлука со бр.25-3041/11 од 04.07.2023 година и Одлука со бр.25-4676/6 од 15.11.2023 година, двете на Советот на Општина Велес, за предфинасирање/финансиско учество на проектот „Креативни можности во туризмот" (CounT) одобрен во програмата ИНТЕРРЕГ-ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, во вкупен износ од 18.153.844,00 денари заради успешна реализација на проектот од Програма Г1, Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година, точка 14 – „Предфинасирање/финасиско учество на инвестиција за реализација на одобрени проекти финансирани од надворешни извори". Како предфинансирање на инвестиција се смета исплата на дел од средствата за реализација на инвестицијата од страна на Општина Велес, за потоа исплатениот износ да се врати во Буџетот на Општина Велес. Оттука, согласно член 2 став 3 од горенаведените Одлуки, „по префрлање на средствата за финансирање на проектот од Европската комисија и Министерството за локална самоуправа, средствата ќе се трансферираат на соодветната буџетска сметка (основен Буџет на општина Велес) од донаторската сметка на проектот".

НАЧИН НА РЕАЛИЗИРАЊЕ

Основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој за 2024 година е континуиран развој на апсорпционите капацитети на општината за искористување на европски и други меѓународни, како и домашни фондови, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти и промоција на општината. Одделението за евроинтеграции и локален економски развој во тековната 2024 година имплементираше одобрени проекти на општината, кои се финансирани од надворешни извори (домашни и/или меѓународни програми, домашни и/или странски институции или фондови) како и на подготвување на нови проектни апликации. Дел од овие апликации веќе се одобрени за реализација во 2025 година.

ВКУПНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Реализацијата на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој за 2024 година, од планираните средства кои Општина Велес ги обезбеди од сопствени извори на приходи изнесува **51.904.245,00** денари, од кои нереализиран износ од средствата е **10.584.867,00** денари што претставува **79,61** % реализација.

Оттука, треба да се има во предвид дека некои од проектите кои се финансирани и од надворешни извори (домашни и/или меѓународни програми, домашни и/или странски институции или фондови) продолжуваат со реализација во фискална 2024 година.

Прилог: Табела на реализација

	ПРОГРАМА ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024 ГОДИНА			
Ред. бр.	**Активност**	**Буџет на Општина Велес**	**салдо 31.12.2024 година**	**Забелешка**
1.	Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје)	6.553.194	331	Проект со својата реализација започна во 2022 година, а се планира да заврши до 14.05.2025 година.
2.	Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори	380.000	2.944	- Првично планираните средства во износ од 500.000,00 се заменуваат со износ од 380.000,00. - Пренаменетите 120.000,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата. - Планираните средства во износ од 380.000,00 денари, се реализирани со остаток во износ од 2.944,00 денари.
3.	Поддршка на Центарот за развој на ВПР	1.190.306	0	Износот е исплатен во целост.
4.	Европска недела на мобилност	6.000	444	- Првично планираните средства во износ од 60.000,00 се заменуваат со иснос од 6.000,00 денари. - Пренаменетите 54.000,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата. - Планираните средства во износ од 6.000,00 денари, се реализирани со остаток во

				износ од 444,00 денари.
5.	Проект финансиран преку програмата РомАктед 2,	4.000	0	Износот е исплатен во целост.
6.	Поддршка на ЛАГ	8.000	0	-Првично планираните средства во износ од 12.000,00 се заменуваат со износ од 8.000,00 денари. - Пренаменетите 4.000,00 денари се префрлаат во точката со реден број 5 од Програмата. - Износот е исплатен во целост.
7.	Одвод на урбани отпадни води во населба Речани – крак 2 и крак 4	857.935	857.935	Проектот продолжува со реализација во 2025 година, поради што и не се изврши исплатата на планираните средства од буџетот на општината за 2024 година.
8.	Партерно уредување на просторот околу Спомен костурница	4.398.330	810.066	- Првично планираните средства во износ од 5.898.330,00 се заменуваат со износот 4.398.330,00. - Пренаменетите 1.500.000,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата. - Планираните средства во износ од 4.398.330,00 денари, се реализирани со остаток во износ од 810.066,00 денари.
9.	Реконструкција и партнерно уредување на парк, ул. Андон Шурков, партер помеѓу колективни згради	4.536.594	4.536.594	Проектот продолжува со реализација во 2025 година, поради што и не се изврши исплатата на планираните средства од буџетот на општината за 2024 година.
10.	Подготовка на техничка документација за изградба на велосеипедски и пешачки патеки	814.332	0	Износот е исплатен во целост.
11.	Реконструкција на партерно уредување и поставување на урбана опрема, на локација на КП 1017, КО Отовица и на локација на КП 1864/1, КО Иванковци	3.340.782	710.873	- Првично планираните средства во износ од 2.882.007,00 се заменуваат со износот 3.340.782,00 денари. - Планираните средства во износ од 3.340.782,00 денари, се реализирани со остаток во износ од 710.873,00 денари.
12.	Биро за регионален развој (Партерно уредување и поставување на урбана опрема на детско игралиште во село Сојаклари)	58.301	0	- Првично планираните средства во износ од 250.000,00 се заменуваат со износот 58.301,00. - Пренаменетите 191.699,00 денари се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата. - Износот е исплатен во целост.
13.	Биро за регионален развој (Реконструкција на спортско игралиште - населба Тунел)	2.362.200	2.362.200	Од планираните средства во оваа точка, не се изврши исплата во 2024 година, а реализацијата на проектот продолжува во 2025 година.
14.	Изградба на локална улица – Декада на Роми	733.791	0	- Првично планираните средства во износ од 859.153,00 се заменуваат со износ од 733.791,00. - Пренаменетите 125.362,00

				денари (кофинансирање на општината) се префрлаат во точката со реден број 1 од Програмата. - По исплата на превземените обврски во износ од 139.754,00 денари, остатокот од доделените финансиски средства во износ 594.073,00 денари се вратени во буџетот на Република Северна Македонија.
15.	Реконструкција на спортски терени и поставување на урбана опрема на локација КП бр.18164 КО Велес, Општина Велес	24.000.000	0	Проектот заврши со реализација во 2024 година, а остатокот од доделените средства во износ од 587.459,00 денари, се вратени во буџетот на Република Северна Македонија.
16.	Набавка на специјализирано возило и приклучна механизација	0	0	Планираните финансиски средства за кофинансирање на проектот во износ од 600.000,00 денари од причина што проектот не продолжи со негова реализација, финансиски средства во износ од 600.000,00 денари се префрлени во точката со реден број 1 од Програмата.
17.	Реконструкција на водоводна линија на дел од улицата Питу Гули	660.480	660.480	Проектот не се реализираше во 2024 година, поради што и не се изврши исплатата на планираните средства од буџетот на општината за 2024 година.
18.	Поставување на фотнапонски панели на библиотека Гоце Делчев	2.000.000	643.000	Од доделените финансиски средства за реализација на проектот искористени се средства во износ од 1.357.000,00 денари, а остатокот во износ од 643.000,00 денари се вратени во буџетот на Република Северна Македонија.
19.	Проектот „Креативни можности во туризмот“ (Count). ИПА-ИНТЕРРЕГ Програма за прекугранична соработка со Република Грција	0	0	Не се предвидени финансиски средства од буџет на општината, во оваа точка се предвидени средства од надворешни фондови.
	Вкупно	**51.904.245**	**10.584.867**	
		% Реализација	**79,61**	

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА ФИНАНСИСКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2024ГОДИНА

Извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2024 година

Трошковно место	Планиран износ	Фин. Програма	Реализиран износ	Разлика	Реализација на програма
Редовно одржување на зелени површини	13.575.718	J7	18.970.456	-5.394.738	139,7%
Постапување со оштетени дрвја	1.200.000	J7	901.107	298.893	75,1%
Одржување на системи за наводнување	300.000	J7	112.457	187.543	37,49%
Одржување на зелени површини по потреба	1.027.602	J7	1. 204.933	-177.331	117,26%
Исплата на заостанат долг (неплатени фактури)	7.500.000	J7	2.401.280	5.098.720	32,02%
Вкупно	**23.603.320**		**23.590.233**	**13.087**	**99,9%**

Образложение:

Во Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2024 година беа предвидени средства во износ од 23.603.320,00 денари.

Активностите предвидени во Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес, во текот на 2024 година беа насочени кон континуирано одржување на парковски зелени површини, одржување на рекреативен центар Езеро Младост, одржување на останато зеленило во градот, собирање на отпадоци од зелени површини, одржување на зеленило во селата и во населба Превалец, одржување на висечки жардиниери, одржување на дрвореди, постапување со оштетени дрвја, одржување на системи за наводнување, набавка на средства за заштита и одржување на зелени површини по потреба, беше воведена и нова ставка (исплата на заостанат долг-неплатени фактури).

За реализацијата на проектите во 2024 година планирани се вкупно **23.603.320** денари, а потрошени се **23.590.233** денари.

Процентот на реализација на горенаведената Програма изнесува **9**

Извештај за реализација на годишна програма за Јавна чистота Ј4

за 2024 година

Трошковно место	Планиран износ	Фин. Програма	Реализиран износ	Разлика	Реализација на програма
Метење на јавни површини	5.331.675	Ј4	5.331.675	0	100%
Миење на јавни површини	4.421.778	Ј4	4.421.778	0	100%
Вонредно одржување	1.100.000	Ј4	1.100.000	0	100%
Одржување на санитарни јазли	1.000.000	Ј4	1.000.000	0	100%
Одрржување на рекреативен центар ез.Младост	500.000	Ј4	500.000	0	100%
Исплата на заостанат долг (неплатени фактури)	2.500.000	Ј4	2.500.000	0	100%
Вкупно	**14.853.453**		**14.853.453**	**0**	**100%**

Образложение:

Активностите предвидени во Програмата за Јавна чистота на Општина Велес, во текот на 2024 година беа насочени кон обезбедување на континуирано одржување на комуналната хигиена во градот, околните населени места опфатени со годишната програма за 2024 год, рекреативните објекти на езеро Младост и долниот дел од рекреативниот дел на река Бабуна, како и на отстранување на габаритен отпад од јавни површини и расчистување на диви депонии, беше воведена и нова ставка (исплата на заостанат долг-неплатени фактури)

Вредноста на Програмата во висина од **14.853.453** денари за 2024 година е во целост исполнета.

Процентот на реализација на горенаведената Програма изнесува **100 %.**

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА ФИНАНСИСКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2024 ГОДИНА

Трошковно место	Планирано	Подпрограма	Реализирано	Разлика	Реализација на програма
1. Анализа на квалитет на водите	50.000	P1	42.126	7.874	84,3%
2. Проектна документација за животна средина	50.000	P1	21.445	28.555	42,3%
3. Субвенционирање на физички лица за купен велосипед и купен инвертор	557.738	P1	550.727	7.011	98,8%
4. Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување	2.520.000	P1	1.909.776	610.224	75,8%
5.Оперативен план за заштита и спасување од штетно дејство на водите	50.000	P1	/	/	0%
6.Ангажирање на социјално ранливи категории на граѓани	170.000	P1	50.001	119.999	29,4%
7.Трансфер на финансиски средства за надомест на одложена амбалажа во Вендинг машини на Пакомак-согласно Проектна документација за потребите на младите од Општина Велес на Агенција за млади и спорт на РСМ	25.000	P1	/	/	0%
1.Набавка на опрема за одржување на јавна чистота и управување со отпад	0	PA	/	/	/
2.Набавка на садови за хортикултурно уредување	700.000	PA	619.489	80.511	88,5%

НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ

Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2024 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2024 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства од Буџетот на Општина Велес за 2024 година, заклучно со 31 декември изнесуваа 14.504.400,00 денари, а потрошени се 12.613.016,00 и истата преку прегледот на бројките е заокружена со степен на реализација од 87 проценти.

Годишната програма беше креирана со опфат на шест поглавја: Манифестации, Поддршка на проекти, Инвестиции, Поддршка на локални установи, Комуникација со јавноста и меѓународна соработка и Други расходи.

Најголемиот дел од Програмата е претставен во поглавјето Манифестации. Тука се поместени културните збиднувања од меѓународен, државен и локален карактер што ги реализира општинската администрација во партнерство со локалните установи од областа на културата, НУЦК театар „ЈХК-Џинот“, Организациските одбори на дел од културните манифестации, граѓанските организации преку делегирана надлежност, бројни културни работници и поединци. Преку ова поглавје, содржински се интегрирани еднодневните настани и бројни комплексни манифестации кои во себе обединуваат повеќе уметности што се реализираат во времетраење од неколку дена. Такви се меѓународните фестивали, изложбите, промециите, така што бројката на културни настани е далеку поголема од она што е претставено преку табеларниот приказ во Програмата. И оваа година по пат на делегирана надлежност на граѓански организации се реализираа два фестивала од областа на театарската и музичката уметност- Фестивалот на комедија „5ре“ и „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“.

Со склучување договори и анекс на договори за делегирана надлежност од областа на културата на Општина Велес се реализираа и Рациновите средби и Детските Рацинови средби.

Манифестацијата Интернационалниот фолклорен фестивал повторно ја реализираше Организациски одбор и се потврди со уште едно успешно издание. Општина Велес преку манифестацијата Фестивал на пита и вино понуди бројни содржини и богата уметничка програма изведена од македонски и уметници од странство, а во пресрет на новогодишните празници се организираше неколкудневен зимски фестивал на отворено.

Преку Годишната програма за култура и меѓународна соработка за 2024 се обележаа бројни годишнини на значајни настани и личности, се оддаваше почит на вечните

почивалишта на великаните и се положуваше цвеќе на паметниците на заслужните историски личности. Трошоците што произлегуваа од реализирањето на Програмата за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2024 година се покриваа од поглавјето Манифестации, трошковно место: Одбележување на значајни настани и личности.

Општина Велес со бројни содржини во Младински парк го чествуваше и Свети Трифун, заштитникот на лозарите и градинарите, а неизоставно и во 2024 година со празнична програма се организираше и чествувањето на патронот и заштитникот на градот Велес- Св.вмч.Пантелејмон.

Во чест на 9 Ноември, Денот на Општина Велес, се организираше традиционалното врачување на деветоноемвриските награди и признанија, наградата за животно дело „Гемиции“ и наградата „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ за најстудентот за 2024 година.

По повод 85 годишнината од објавувањето на стихозбирката „Бели мугри“, делегација на Општина Велес ја продолжи традицијата на чествување на ликот и делото на Рацин и присуствуваше на културната манифестација „Рацинов ден – Бели мугри“, во Самобор, Хрватска.

Годината се заокружи со свеченост на која се врачија наградите на најуспешните поединци потврдени во својата професионалност и најхуманистот на годината и бројните содржини креирани за сите генерации во неколкудневниот Велес- Винтерфест.

Бидејќи основната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка за 2024 година беше обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2024 година

Основни цели на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2024 година се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за спроведување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2024 година беше донесена во транспарентна постапка како и во изминатите години, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства од Буџетот на Општина Велес за 2024 година, заклучно со 31 декември изнесуваа 2.590.000,00 денари, а потрошени се

2.401.486,00 и истата преку прегледот на бројките е заокружена со степен на реализација од 92,7 проценти.

Во точка 1 Активности, реализирани се 2.401.486,00 денари за најдобар наставник предметна настава, најдобар наставник во средно образование, најдобар ученик во основно образование и најдобар ученик во средно образование, за еднократна парична помош на првачиња од сите основни општински училишта, како и финансиска поддршка на ученици и ментори за освоено прво, второ или трето место/награда на државен, меѓународен или олимписки натпревар.

Следејќи ги основните цели на програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2024 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, процентот на потрошени средства не ја отсликува реалната слика на вложените средства во оваа област затоа што активностите во областа на образованието се многу поголеми од планираните. Ова се должи на реализирани проекти финансиски поддржани од Владата на Република Северна Македонија и бројни домашни и меѓународни асоцијации и фондации.

Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2024 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2024 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства од Буџетот на Општина Велес за оваа Програма за 2024 година, заклучно со 31 декември, изнесуваа 10.710.000,00 денари.

Програмата за активностите од областа на спортот е составена од четири дела:
I Спортски манифестации,
II Поддршка на спортски сојузи,
III Поддршка на спортот во градот и
IV Инвестиции, со вкупно предвидени 10.710.000,00 денари.

Образложение за делот I, Спортски манифестации:

Во потточката „Поддршка на спортски турнири и натпревари", Општина Велес издвои финансиска поддршка во износ од 280.000,00 денари, финансиски средства со кои беа поддржани поединци и спортски здруженија и клубови кои учествуваа и/или организираа спортски активности во спортовите карате, кик бокс, мал фудбал, кошарка, одбојка и пеливанство, од кои реализирани беа 255.750,00 денари. Од оваа ставка се поддржуваат спортски турнири и натпревари во организација и реализација на Здруженија на граѓани и/или спортски здруженија и клубови, регистритани согласно Законот за здруженија и фондации кои поднесуваат Барања до Општина Велес, за кои општината од оваа општа ставка, согласно Правилникот за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се определени во годишните Програми, издвојува финансиска поддршка соодветно и согласно нивните Барања.

Од потточката „Поддршка на активности на Железничко спортско друштво Боречки клуб ЖБК-Борец, Велес за организирање на меѓународен меморијален турнир во борење за јуниори и пионери „Коцев Љубомир – Листон 2024'", Општина Велес испплатена е финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари.

За организирање и реализација на Велешки Спортски игри 2024, во организација на Спортско здружение „Спортски игри", Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 300.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Финансиската поддршка во висина од 30.000,00 денари наменета за поддршка на активности на Здружението на рекреативни риболовци и спортски клуб „Металург", Велес за

организација на Меѓународниот куп во јадица на пливка „Цветници" 2024 е во целост реализирана.

Меѓународната велосипедска трка „Трофеј" 2024, беше организирана од страна на Младински велосипедски клуб „Велес", Велес, за што Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 60.000,00 денари.

Финансиска поддршка во висина од 45.000,00 денари е исплатена за поддршка на активности на Тенискиот клуб „Борец", Велес за организација на Отворено првенство на Македонија во тенис „Велес опен 2024".

За реализација на 44. Куп во лов на јадица со пливка „Бабуна 2024", во организација на Здружението на спортски риболовци „Бабуна", Велес, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 30.000,00 денари.

Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 30.000,00 денари наменета за поддршка на активности на ЗГ Кошаркарски клуб „Борец - ветерани", Велес за организација на 15. Меморијален кошаркарски турнир и истите беа во целост реализирани.

За организација на 12. Меѓународен куп натпревар во риболов на пливка, во организација на Здружението на Спортско рекреативен риболовен клуб „Кркушка", Велес, Општина Велес обезбеди финансика поддршка во висина од 30.000,00 денари.

Додека пак за поддршка на активности на ЗГ Фудбалски клуб „Горски", Велес за организација на ревијален фудбалски натпревар, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 15.000,00 денари.

Финансиска поддршка во висина од 10.000,00 денари е реализирана за поддршка на активности на Здружението на инвалидски пензионери на Општина Велес за организација на спортски игри.

За организирање на традиционалната спортска манифестација Вардарска регата „Гемиции" 2024 година финансиските средства во висина од 200.000,00 денари беа трансферирани на сметката на Здружението на граѓани Извиднички одред „Димитар Влахов" од Велес кои беа организатори на Вардарската регата и оваа година и истите беа во целост реализирани.

Во организација на Здружението на граѓани Атлетски клуб „Борец" од Велес, а во рамки на активностите кои беа дел од културната манифестација „61. Рацинови средби", беше организиран Атлетски маратон, насловен „Трчаме за Рацин", за што беа исплатени и целосно реализираани финансиски средства во износ од 300.000,00 денари.

На крајот на годината, во организација на Сојузот на спортови на Велес, се одржа традиционалната спортска манифестација „Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2024 година", чија реализација се исплатени финансиски средства во износ од 150.000,00 денари.

Првата трка од државниот шампионат во Ендуро за 2024 година и оваа година се одржа во Велес, во организација на ЗГ Мото клуб „Мото Велес", за што се исплатени финансиски средства во висина од 50.000,00 денари.

Оваа година во Велес се одржа Светскиот куп во кајак на диви води во спуст, во организација на Кајак кану клуб „Арка Борец", Велес, за што Општина Велес од општинскиот буџет обезбеди финансиска поддршка во висина од 200.000,00 денари.

По повод 9 Ноември, Денот на ослободувањето на Велес, а во организација на Здружението на спортски ветерани од Велес беше одржан турнир на ракометни ветерани „Велес 2024", финансиски поддржан со средства во висина од 50.000,00 денари.

Образложение за делот II, Поддршка на спортски сојузи:

Општина Велес континуирано обезбедува поддршка и за активностите на спортските сојузи.

Во текот на 2024 година, финансиски средства во висина од 100.000,00 денари беа наменети за поддршка на активностите на Сојузот на училишен спорт, додека пак 300.000,00 денари беа наменети за поддршка на активностите на Општинскиот фудбалски сојуз.

Во ставката „Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица", исплатени се финансиски средства во висина од 60.000,00 денари, кои во целост беа реализирани од страна на Сојузот за спорт и рекреација на инвалиди од Велес.

Образложение за делот III, Поддршка на спортот во градот:

Во ставката „Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти", за спортските клубови исплатени се финаниски средства во вкупен износ од 1.650.000,00 денари.

Додека пак во ставката „Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти", беа обезбедени финансиски средства во износ од 500.000,00 денари. Истите се во целост реализирани.

Од овој дел на Програмата, финансиски средства во износ од 400.000,00 денари се издвоени за поддршка на ГОК „Борец".

Финансиски средства во износ од 300.000,00 денари беа предвидени и реализирани за поддршка на активностите на Кошаркарскиот клуб „Борец - Баскет".

За поддршка на активностите на Ракометниот клуб „Бисинов - Фруит Ленд", реализирани се финасиска средства во висина од 450.000,00 денари, а за поддршка на активностите на ФК „Борец 1919", од општинскиот буџет, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 600.000,00 денари.

За поддршка на активностите на спортскиот клуб МРК „Борец 1950", Општина Велес обезбеди финансиски средства во висина од 50.000,00 денари.

Додека пак за поддршка на активностите на спортскиот клуб ЖФК „Борец", Општина Велес обезбеди финансиски средства во висина од 300.000,00 денари.

Во ставката за „Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри", Општина Велес обезбеди финансиски средства во висина од 300.000,00 денари, од кои беа реализирани средства во износ од 185.656,00 денари. Со овие средства беа поддржани и помогнати спортисти-поединци и спортски клубови и здруженија за учество на меѓународни првенства во кајак, атлетика, кик бокс, борење и карате, одржани во Италија, Грузија, Србија, Полска и Македонија.

Во ставката „Поддршка и тековно одржување на спортска сала 'Гемиџии"", Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 1.200.000,00 денари кои беа трансферирани на сметката на ЈП „Парк-спорт и паркинзи", Велес.

Образложение за делот IV, Инвестиции:

Во овој дел вкупно беа предвидени финансиски средства во висина од 2.520.000,00 денари, од кои беа реализирани 2.243.446,00 денари.

Во ставката „Реконструкција на трибини на ракометно игралиште", Општина Велес обезбеди финансиски средтва во висина од 1.200.000,00 денари, од кои беа реализирани 1.106.488,00 денари.

Во ставката „Реконструкција на фасада на објект на КП 18164 КО Велес", Општина Велес обезбеди финансиски средтва во висина од 520.000,00 денари, од кои беа реализирани 487.958,00 денари.

Во ставката „Набавка на стативи и кошеви за поставување на спортски терени и игралишта во урбани и рурални места на териоторијата на Општина Велес", Општина Велес обезбеди финансиски средства во висина од 800.000,00 денари, од кои беа реализирани 649.000,00 денари.

Вкупната реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2024 година изнесува 10.134.852,00 или 94,62%.

Програма за активностите
на Општина Велес за поддршка на младите во 2024 година

Општина Велес на транспарентен начин, во две фази, како нацрт и предлог документ ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2024 година, во која предвиде финансиски средства во износ од 550.000,00 денари.

Програмата за поддршка на младите е составена од еден дел:
I Активности, со вкупно предвидени 550.000,00 денари.

Делот „Активности" е составен од две потточки „Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес" и „Поддршка на активности на Младински центар во Велес".

Општина Велес во областа млади отпочна и успешно заврши неколку процеси кои произлегуваат како законски обврски од Законот за младинско учество и младински политики, а со тоа оствари бројни активности кои овозможуваат поддршка, подобрување и зајакнување на целокупното делување во областа на младите на локално ниво.

Во текот на календарската година, Локалниот младински совет Велес реализираше повеќе активности со цел активно вклучување на младите во процесот на донесување одлуки на локално ниво. Тој е првиот Локален младински совет во Македонија кој за првпат оствари директна соработка со меѓународни организации и институции, како што се Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), а со поддршка на Агенцијата за млади и спорт (АМС) оствари соработка и со Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ).

Овие соработки овозможија реализација на неколку проекти и иницијативи на локално, национално и меѓународно ниво.

За непречено функционирање и работење на Младинскиот центар, во потточката „Поддршка на активности на Младински центар во Велес" , а согласно Договорот за управување со Младински центар во Велес, предвидени беа финансиски средства во висина од 450.000,00 денари и тие беа исплатени на избраната организација.

Во рамките на проектот „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", кој во партнерство се спроведува и во други општини во Албанија, Србија, Косово и Босна и Херцеговина се реализираа активности како што се поддршка за воспоставување и развој на Локални младински совети, истражувања, обука на членови од локалната заедница, поддршка на граѓанските организации и подготовка на Националната стратегија за млади. Како партнер на УНДП и УНФПА, Општина Велес беше избрана за една од петте партнер-општини каде се реализира овој проект во текот на 2023 и 2024 година. Придобивки од проектот се зајакнување на капацитетите на општината за младински политики, поддршка на локалниот граѓански сектор и можности за регионална соработка. За реализација на овој проект Општина Велес потпиша Меморандум за соработка и реализација на повеќе проектни активности кои се предвидени во рамки на проектот. Резултати од проектот:

- Развиени компетенции кај младите за ефикасно и ефективно раководење со времето
- Намалена е анксиозноста, депресијата и насилството помеѓу учениците
- Информирани и активни млади коишто промовираат конструктивни наративи помеѓу своите врсници
- Обезбедена е поддршка за подобрување на менталното здравје на младите
- Зголемена врсничката поддршка кон младите со помалку можности

На активностите на проектот (работилници, театарска претстава, дебати...) учествуво земаа преку илјада (1.000) млади, членови на Локалниот младински совет на Општина Велес, членови на Младинскиот центар Велес и ученици од средните општински училишта.

Во соработка со Програмата за волонтери на Обединетите нации (UN Volunteers), преку Јавен повик, во Општина Велес беше спроведен процес за времено ангажирање на волонтер од заедницата во временски период од шест месеци, за што Програмата обезбедува финансиска поддршка. Со тоа Општина Велес се вбројува во ретките три единици на локалната самоуправа кои овозможуваат директна пракса и работење на млади

лица од локалната заедница да придонесат кон општото добро за младите во генерална смисла на зборот.

Во 2024 година процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2024 година изнесува 81,81%.

Програма за активностите на Општина Велес
за поддршка на граѓанскиот сектор во 2024 година

Програмата предвиде финансиски средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари. Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2024 година беше донесена во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2024 година, заклучно со 31 декември изнесуваа 1.040.000,00 денари.

Програмата за поддршка на граѓанскиот сектор е составена од еден дел:
I Активности, со вкупно предвидени 1.040.000,00 денари .
Во потточката „Учество во реализација на проекти со граѓански организации и поддршка на програмски активности" беа предвидени вкупно 280.000,00 денари, а беа реализирани 178.000,00 денари.
Од оваа ставка се поддржуваат проекти и проектни активности во организација и реализација на Здруженија на граѓани, регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации кои поднесуваат Барања до Општина Велес, за кои општината од оваа општа ставка, согласно Правилникот за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се определени во годишните Програми, издвојува финансиска поддршка соодветно и согласно нивните Барања.

Истите се реализираа на следниот начин:

бр	ЗГ / Организација / Фондација	Активност / Настан	Финансиски средства
1	Здружение на спортски риболовци „Бабуна"	Еколошка акција - чистење на езеро „Младост"	30.000,00
2	ЗГ Мото клуб „Носачи на крстот"	Традиционална крводарителска акција по повод 9. Ноември	25.000,00
3	ЗГ „Кингс оф д стридс"	Организација на изложба на историски возила (олдтајмери) во содржините на манифестацијата Фестивал на велешка пита и вино „Питијада 2024"	40.000,00
4	„Ротари" клуб, Велес	Реализација на проект „Учиме и ширириме театарска култура" и изведба на театарска претстава за деца „Тивки жртви"	15.000,00
5	ЗГ Клуб на писатели „Коста Солев Рацин", Велес	Организација на првиот Фестивал на сатирата „Џинот" 2024	15.000,00
6	Ансамбл „Керамичар", Велес	Патни трошоци Скопје – Велес за учество на ансамбл од Скопје на настан за одбележување на 70-годишнина од постоењето на Ансбл „Керамичар" во Велес	8.000,00
7	Здружение на математичари, Велес	Организирање на научна екскурзија во Скопје	10.000,00

бр	ЗГ / Организација / Фондација	Активност / Настан	Финансиски средства
8	„Ротари" клуб, Велес	Реализација на проект „Учиме и ширириме театарска култура" – едукативна работилница за децата од ОЈУДГ „Димче Мирчев"	35.000,00

Во ставката за Поддршка на Балетско студио „Анабела", Велес за активности и учество на домашни и меѓународни натпревари во модерни танци, беа предвидени финансиски средства во висина од 120.000,00 денари, од кои реализирани беа 80.000,00 денари.

Во ставката за Поддршка на активности на Здружение за дејности од културата и уметноста „Арт Окарина", Велес, беа предвидени 120.000,00 денари и истите во целост беа реализирани.

За организација и реализација на 10. Фестивал на отворено „АЗОТ мтб предизвик 2024", во организација на ЗГ „Велес бајкинг", Велес, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 30.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Ставките за Поддршка на активности на Извиднички одред „Димитар Влахов", Велес, со обезбедени финансиски средства во висина од 30.000,00 денари и на Невладина организација „Пситрабол", Велес за организација на музички настан во Велес, со обезбедена финансиска поддршка од 60.000,00 денари, не беа реализирани бидејќи носителите на проектните активности не доставија барање за реализирање на истите.

За реализација на 21. Меѓународен салон на стрип „Велес 2024" и 6. Меѓународна Стрип колонија „Велес 2024", во организација на Стрип центар на Македонија – Велес, Општина Велес предвиде финансиски средства во висина од 90.000,00 денари и истите во целост беа реализирани.

За Здружението на граѓани „Мовембер" за организација на настан за промоција на грижата за машкото здравје, предвидени беа финансиски средства во висина од 60.000,00 денари и во целост беа реализирани.

Финансиските средства во висина од 60.000,00 денари предвидени за Здружението на граѓани „Акцијаш - Ветерани" за реализација на тековни активности во календарската 2024 година во целост беа реализирани.

Во рамки на Фестивалот на велешка пита и вино 2024, беше организиран рекреативен велосипедски настан „Велес мтб тоур 2024" во организација на ЗГ „Велес бајкинг" за што беа предвидени финансиски средства во висина од 100.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Во текот на 2024 година, КУД „Керамичар", Велес одбележа јубилеј од 70 години постоење и активно делување за што им беа исплатени финансиски средства во висина од 90.000,00 денари кои беа во целост реализирани.

Вкупната реализација на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2024 година изнесува 808.000,00 денари или 77,69%.

Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2024 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2024 година, димензионирана на 2.750.000,00 денари. Програмата донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Во текот на календарската година претрпе две измени – во јули и во октомври. По втората измена програмата изнесуваше 2.965.000,00 денари. Средствата во програмата се распределени на: Социјална поддршка на заедницата, Социјални услуги, Општина по мерка на детето, Соработка со институции и НВО и Активности за Родова еднаквост.Програмата за социјална

заштита опфаќа ранливи категори со цел да им се подобри квалитетот на живот и да се овозможи социјална сигурност и инклузивност.

Во делот на Социјална поддршка на заедницата реализација има по следните ставки: Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства реализирана е во висина од 1.465.660,00 денари. Барања за парична помош ги разгледува Комисија за доделување средства од Буџетот на Општина Велес, по Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита. Комисијата има одржано шест седници на кои се разгледани 253 барања од физички лица и водејќи се од Правилникот за право на користење, начинот и висината на доделување на еднократна парична помош („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.01/23)), од кои комисијата за:

249 барања има констатирано дека се доставени уредно на образец – Барање за остварување на право на еднократна парична помош, со уредна документација од која може да се констатира потребата од помош, ги исполнуваат условите и се одобрени финансиски средства согласно правилникот.

4 барања не ги исполнуваат условите согласно Правилникот за утврдување начин за доделување средства од буџетот на Општина Велес предвидени во програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита.(известени со допис)

Од вкупно 249 барања кои го остваруваат правото на парична помош 142 барања се од жени, 107 барања се од мажи. Правото за еднократна парична помош барателите го остваруваат по основ на:

- ✓ 37 барања се од корисници на ГМП
- ✓ 104 барања за лекување
- ✓ 55 барања за попреченост во физичкиот или менталниот развој
- ✓ 18 барања самохран родител
- ✓ 35 барања за постоперативна рехабилитација и набавка на соодветна медикаментозна терапија.

Во 2024 година 176 баратели го искористиле правото за доделување на парична помош за новороденче, од кои 96 за машки новороденчиња и 80 за женски новороденчиња а реализирани се 589.941,00 денари.

Поддршка на лица жртви на семејно насилство реализирана е со 11.111,00 денари. Финансиски е поддржано 1 лице жртва на семејно насилство од службена евиденција на ЈУМ Центар за социјална работа Велес. Оваа ставка може да се реализира во соработка со Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа – Велес, од причина што како институција ги имаат овие податоци, со доставен список на лица на кои им е потребна оваа поддршка.

И во 2024 година од оваа програма дадена е поддршка на деца без родители и родителска грижа. На 16 деца без родители и родителска грижа им е доделени финансиска помош на трансакциска сметка на старателите, по доставен список од страна на Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа –Велес. Реализирани се 97.109,00 денари.

Во 2024 година за „Партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.(Согласно Законот за заштита на децата)“ реализирани се 12.072,00.

Општина Велес како одговорен субјект во целост ги спроведува законските одредби и постапува согласно роковите и насоките за реализација на сите произлезени обврски за воспоставување еднакви можности и еднаков третман на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење во Општина Велес. Во континуитет ги следи сите актуелни состојби, законски измени и дополнувања, иницира акции и ги имплементира работните обврски за родова рамноправност со сопствени средства од буџетот на општината. Поддржува активности и ја инкорпорира родовата рамноправност преку реализација на активности за еднакви можности. Организација на жени – Велес, во рамките на кампањата 16 дена активизам – борба против семејно насилство реализирани се повеќе активности, со финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари.

Финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари, е исплатена на Сервисот за психо-социјална поддршка на лица жртви на семејно насилство.

Приоритет и во 2024 година е одржување на адаптираното возило за инвалидни лица на Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет МОБИЛНОСТ – Велес, во возна состојба. Адаптираното возило е донација од Дрекслмајер, на ЗГ „Мобилност“ а истото го користат сите здруженија на инвалидни лица во локалната заедница издвоени се 50.000,00 денари.

За имплементација на активности со ОО на Црвен крст Велес, реализирани се 50.000,00 денари. Согласно, склучен Меморандуми за соработка помеѓу ОО Црвен крст Велес и Општина Велес (архивски број 03-106/1 од 01.11.2012 година).

На здружение на слепи лица Велес, исплатени се финансиски средства во висина од 50.000,00 денари за печатење на книги на брајово писмо.

Предвидените финансиски средства за ставката „Социјални услуги“ се во целост реализирани за поддршка на испорака на услуги и тоа: 50.000,00 денари за услугата „Помош и нега на стари лица во домашни услови“, 50.000,00 денари за услугата „Лична асистенција на лица со ограничена мобилност“ и 100.000,00 денари за услугата „Живеење со поддршка (мал групен дом, 10-лица)“

Врз основа на склучен договор помеѓу Општина Велес, Агенција за вработување на РСМ и УНДП се имплементираат проектни активности (образовен асистент) преку Програмата „Општинско - корисна работа“ која е дел од поголемиот проект за оддржливи вработувања и се спроведува во соработка со средните општински училишта врз основа на потпишан Меморандум за соработка. Ангажирани се 4 невработени лица како образовни асистенти на ученици со посебни образовни потреби кои даваат поддршка на ученици со посебни образовни потреби во текот на наставниот процес, за полесно и подобро совладување на наставната програма. Во 2024 година Општина Велес учествува со кофинансирање во висина од 116.450,00 денари.

Во 2024 година процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита изнесува 92,49 % или 2.742.343,00 денари.

Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2024 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита за 2024 година, е димензионирана на 5.900.000,00 денари, донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Во текот на календарската година програмата претрпе две измени во јули и во октомври, по втората измена програмата изнесуваше 3.935.000,00 денари.

Средствата во програмата се распределени на: Општи мерки за заштита на населението од заразни болести; Имплементација на активности со институции, НВО и Бездомни животни.

Како општи мерки за заштита на населението од заразни болести согласно законските прописи преземени се следните мерки: Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината, Ларвицидно третирање и Третирање против возрасна форма на комарци.

Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината се спроведува два пати во годината, (пролетна и есенска) и комплетно е реализирана и тоа: на 11 април 2024 догодина, извршена пролетна дератизација, на 04 септември извршена е есенска дератизација, реализирани се 86.414,00 денари.

Со третирањето опфатена е површина од 150.000 м2, односно сите јавни површини во градот како и двата брега на реката Вардар, од Башино село до компанијата Агриа. Активностите ги реализираше ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес.

Превентивна дезинсекција е комплетно реализирана и тоа: на 23 март 2024 година, извршено е прво ларвицидно третирање; на 01 јуни 2024 година, прва аеросолна дезинсекција; на 01 јули 2024 година, втора аеросолна дезинсекција; на 11 август 2024 година, трета аеросолна дезинсекција; на 08 октомври 2024 година, второ ларвицидно третирање. 1.996.560,00

